САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

ООУ„ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ’ Бутел, општина Бутел

за период од 2024- 2025/ 2025-2026 година



Скопје 30.10.2026 година

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ “Свети Климент Охридски“
Адреса	„Призренска“ бр.22 Скопје, Бутел
Телефон, е-пошта	02 2621 432, ohridskikliment_butel@yahoo.com
Период на подготовка на СЕУ	2024 - 2026
Број на ученици во училиштето	509
Број на подрачни училишта	/
Училишен директор	
Име и презиме	Снежана Петреска
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Милорад Васовски
Потпис	
Датум	

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за подрачјето:
1.1 **Планирања на наставниците** **1.2 Наставен процес** **1.3 Искуства на учениците од учењето** **1.4 Оценувањето како дел од наставата** **1.5 Воннаставни активности и натпревари**

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Планирања на наставниците	Поддршка и следење на планирањата на наставниците	Сите наставници своите планирања ги доставуваат до Стручната служба во училиштето најдоцна до 31 август. Планирањата подлежат на преглед и доколку има сугестии и забелешки им се укажува на наставниците. Планирањата задолжително се предаваат во електронска форма, а може да се предадат и печатени
	Размена на искуства и на информации при планирањето	Колегите најчесто си помагаат при изготвување на планирањата. Обично си ги предаваат планирањата од претходната генерација,ги дополнуваат и усовршуваат. Исто така при изработка на планирањата наставниците се консултираат и со колеги од други основни училиште, од каде црпат нформации и идеи.
Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за работа на училиштето; планирање на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници: интервјуа со директоро, стручните соработници; извештаи од стручни соработницизаследни планирања	Реализација на наставни планови и програми	Наставните планови и програми се реализираат во целост од страна на наставниците согласно утврдениот наставен план и програма. Реализацијата се следи преку увид во педагошката документација, записниците од одделенските совети, како и преку извештаите за работа на наставниците. Во текот на учебната година се врши следење на планираните и реализираните наставни содржини и доколку е потребно се превземаат соодветни мерки за надминување на утврдени отстапувања.
	Избор на наставни предмети	Наставните предмети се во согласност со наставниот план и програм на БРО.
	Избор на задачи, активности и на ресурси	Наставниците избираат и планираат задачи, активности и наставни ресурси во согласност со целите на наставта, возраста, способностите и индивидуалните потреби на учениците. При планирањето се применуваат разновидни наставни методи, форми на работа и соодветни наставни средства, со цел поттикнување на активното учество, креативноста, самостојноста и соработката кај учениците. Планирањето и размена на искуства се реализираат и на стручните активи.

	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Во училиштето се поттикнува на интеракција меѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици. Преку наставниот процес, но и со воннаставните активности се развиваат соработка, меѓусебно почитување, толеранција и одговорност. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, да го изразуваат своето мислење, да работат во групи и да развиваат комуникациски вештини како и да изнаоѓаат начини за решавање проблеми.
	Реализација на образовна инклузија	Образовната инклузија се реализира преку соработка на инклузивниот тим со наставниците, стручните соработници, родителите и образовните асистенти. Во нашето училиште инклузивниот тим е во состав: Снежана Петреска – директор Ивана Крстиќ – дефектолог Анета Ѓорѓовска – психолог. Маја Дрндаревска – одделенски наставник Оливера Костадинова – предметен наставник Симона Мишевска – родител Катерина Глигорова - родител За учениците на кои им е потребна дополнителна подршка се планираат и релизираат содржини соодветни на нивните потреби. Наставниците ги приспособуваат наставните содржини и активностите како и начинит на следење на напредокот се со цел да се обезбеди еднаква можност за сите ученици. Во реализација на планот и програмата учениците кои се по ИОП на часовите имаат соодветна помош и од образовните асистенти.
	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето.Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу училиштата прелу заемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Сакаме да бидеме промотори на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности. Покрај запознавањето на различните етникуми на Република Северна Македонија, учениците, нивните родители и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој придонес и учество.

Индикатор 1.3Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; разговори во фокус-групи со ученици, родители/старатели и наставници; разговор со стручната служба; увид во ученичките досиеја и во евиденцијата на стручните соработници.	Средина и атмосфера за учење	Врз основа на анкетите и разговорите се согледува дека во училиштето се настојува да се создаде позитивна, безбедна и поттикнувачка средина за учење. Учениците имаат можност активно да учествуваат во наставата, да поставуваат прашања, да ги искажуваат своите мислења и да соработуваат со соучениците. Наставниците поттикнуваат меѓусебно почитување, соработка и одговорно однесување. Се посветува внимание на спречување на насилството, дискриминацијата и несоодветното однесување, како и на развивање позитивни односи меѓу учениците и наставниците.
	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците	Наставниците ги следат постигањата, напредокот и потребите на учениците преку набљудување, проверка на знаењата, усни и писмени одговори и анализа на нивната работа. При планирањето и реализацијата на наставата се применуваат различни методи, форми и наставни средства, со цел да се одговори на индивидуалните можности и потреби на учениците. На учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка им се обезбедуваат соодветни активности, дополнителна и додатна настава, индивидуализирани пристапи и, кога е применливо, поддршка согласно индивидуалните образовни потреби. Се остварува соработка со стручната служба и родителите/старателите за навремено препознавање и надминување на тешкотиите во учењето.
Индикатор 1.4Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Дневник на одделенскиот раководител; Евидентни листови за индивидуалниот напредок на учениците; Користени инструменти за оценување; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставн. за оценување на напредокот на ученици; Стандарди за	Училишна политика за оценување	Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Сите наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината и не се препознатливи отстапувања во оценувањето. Оценувањето на секој ученик и постигнувањата се евидентирани во педагошката евиденција и документација. Родителите се целосно запознати со оценката на ученикот.

оценување; Портфолија на наставници; Дневни подготовки; Примери на оценети ученички трудови, наставнички совет; Правилник и критериуми дадени од МОН (БРО) за оценување и напредување на учениците; Педагошка евиденција и документација; Записници од Стручни активи, наставнички совет Користење на информациите од оценувањето во наставата	Методи, форми и инструменти за оценување	Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во Индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето. Најголем дел од наставниците користат различни методи и форми од формативното оценување и користат различни инструменти за оценување со цел да се изврши и сумативно оценување.
	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е: - Во учебната 2024/2025 година, среднеиот успех од образование (IV –IX одд.) на крај на учебната година 4,64, а учениците од I до III одделение се описно оценети Забелешка: Заради отсуство од настава, 2 ученици се неоценети и за истите е организирано полагање на одделенски испит по завршување на наставната година. - Во учебната 2025/2026 година, среднеиот успех од образование (IV –IX одд.) на крај на учебната година 4,55, а учениците од I до III одделение се описно оценети. - Споредба на среден успех на училиштето со претходните две учебни години: Учебна година 2024/2025 2025/2026 4,64 4,55

	Користење на информациите од оценувањето во наставата	Секој наставник во своето тематско годишно планирање ги предвидува стандардите за оценување, со цел оценувањето да биде објективно, реално и применливо. За реализација на овие стандарди секој наставник за својот предмет ги планира критериумите за нивото на знаењата на учениците по дадена оценка според изготвени инструменти и протоколи за следење на целокупната работа на учениците со кои ќе се мери и вреднува нивното знаење. Инструментите ги опфаќаат следните начини на мерење на знаењата на учениците: следење и набљудување на активноста на учениците на часовите, изработката на постигнувањата на тестовите, контролните, писмените и индивидуалните изработки, учеството во работа на проекти и натпревари.Во нашето училиште се следат постигањата на учениците преку процесот на собирање, проценување и интерпретирање на информациите за постигањата на учениците кои што се користат за: 1. Редовно информирање на учениците и нивните родители за напредокот во усвојувањето на знаењата, стекнувањето на умеењата и развојот на способностите на учениците. Дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава; 2. Добивање повратна информација за учителите за постигањата на нивните ученици,која е неопходна за превземање на неопходните корекции во реализирање на наставата сѐ со цел постигнување подобри резултати и 3. Обезбедување релевантни информации кои им се потребни на надлежните институции при донесување валидни одлуки за учениците,наставните планови и програми и за образовните политики. Преку следење на процесот на собирање,проценување и интерпретирање на информациите за постигањата на учениците и нивната горенаведена примена придонесе просекот на оценките да се покачува, да се намалува бројот на слаби оценки, да има зголемена сооработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии за оценување.

Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
- Годишната програма на училиштето - Наставните планови и програми, одобрени од МОН	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	Според програмата за работа, се организираат следните воннаставни активности: слободни ученички активности со план и програма, ученички натпревари, општествено корисна и хуманитарна работа во училиштето и во соработка со локалната заедница, ученички екскурзии со план и програма одобрена од БРО.
	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности	Училиштето им помага на учениците во нивната професионална ориентација при соодветен избор на средно училиште, особено во завршните одделенија. Учениците независно од полот и социо-економскиот статус се опфатени во воннаставни активности. Учениците се вклучени во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности. Тие во зависност од афинитетите и можностите се вклучуваат во воннаставните активности во училиштето со цел да се социјализираат, да се поттикне нивната креативност, комуникација и толеранција. Наставниците се оние кои ги забележуваат интересите и достигнувањата на учениците и овие информации ги користат да ги мотивираат за да се вклучат во различните воннаставни активности.
	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	Сите воннаставни активности се организираат со слободен избор на учениците, со почитување на нивните афинитети и интереси, со почитување на слободното време на учениците, интелектуалниот и физичкиот развој,како и социјалната средина. Учениците се поттикнуваат и охрабруваат да се вклучат во воннаставните активности.
	Натпревари	Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални, државни натпревари, литературни и ликовни конкурси. Постигнатите резулати се лична мотивација за секој ученик, но и афирмација за наставниците и училиштето воопшто. За постигнатите резултати, училиштето изработува програма за промоција на истите. Покрај редовните состаноци, резултатите се објавуваат на веб-страницата на училиштето, се пренесуваат низ електронските и ТВ медиуми, а на крајот од наставната година се изгласува првенец на генерацијата од завршните одделенија.

Подачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Применувани наставни планови и програми

(На почеток од учебната година од страна на тимот беше извршен увид во годишните програми на сите наставници од предметна и одделенска настава.

*** Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**

(На почетокот на учебната година се организираат родителски средби на кои се презентира целата наставна програма за тековната година, детално попредмети и фонд на часови. Се укажува дека истата е достапна и на БРО. (Доказ: Записници од родителски средби во секој дневник на паралелката)

*** Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**

(Тимот за инклузија и поддршка на учениците изработува ИОП за секој ученик со ПОП. На крајот на учебната 2022/23 во училиштето има вкупно ?

ученици со ПОП со кои се работи според изготвен ИОП. Во работата со овие ученици се вклучени и образовни и лични асистенти. (Доказ: Соодветна документација кај стручната служба - дефектолог)

*** Избор на наставни предмети**

Од учебната 2025/26 год. е зголемен фондот на изборни предмети

(Доказ: Спроведени анкети во секоја паралелка, записници од наставнички совет).

*** Обем и разноврсност на планираните и реализираните воннаставни активности**

*** Опфатеност на учениците во воннаставните активности**

*** Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**

*** Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности**

(Во текот на учебната година се реализираа воннаставни активности преку кои се одбележаа важни датуми, се промовираа знаењата и способностите на учениците преку учество на натпревари, манифестации и приредби. Преку вонаставните активности се истакна работата на слободните ученички активности и спортските клубови, како и проектите во кои е вклучено нашето училиште. За дел од активностите беше остварена соработка со локалната средина. Информации за истите беа споделени преку социјалните медиуми и веб страната на училиштето. Поради тоа во следните две години ќе се преземат активности во соработка со стручната служба, со цел да се преиспитаат желбите, интересите и афинитетите на учениците, родителите и наставниците со што ќе се зголеми мотивацијата за учеството на учениците во поголем број на слободни ученички активности. (Докази: фотографии, извештаи, видео и аудио снимки, освоени награди, признанија , пофалници и слично).

Силни страни:

Сите наставници имаат изготвено годишни, тематски – развојни и дневни сценарија и истите ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часовите.

*** Наставниците изготвуваат ИОП за потребите на учениците со пречки во развојот и во училиштето функционираат Инклузивни тимови на ниво на училиште како и за потребите за ученик/чка.**

*** Наставниците применуваат различни методи за интеракција и соработка со учениците на часовите.**

*** Наставниците промовираат взаемно почитување, помош и разбирање и при тоа не прават разлики меѓу учениците по ниедна основа (пол, социјално потекло, етничка или религиозна припадност).**

*** Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците, грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди прифатена и спроведувана д учениците, наставниците и родителите / старателите и е дел од културата на училиштето.**

*** Училиштето промовира, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Стекнатите знаења се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во демократско мултикултурно/мултиетничко општество.**

*** Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување хуманитарни акции со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување конфликти.**

*** Учениците преземаат различни одговорности во училиштето и вон наставата и истите заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права.**

*** Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат потребите и пречките во образовниот процес и превземаат активности за нивно остварување односно за нивно отстранување. ВОП се остварува согласно Законот за основно образование земајќи ги предвид сите негови подрачја (интегрирање на МИО, ЕКО и ИКТ содржини во наставата).**

*** Училиштето го спроведува во целост законскиот акт за формативно оценување и ги користи информациите добиени од истото за евалуирање и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата .**

***Наставниците редовно ги известуваат родителите и учениците за оценките и даваат препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик (на формални, неформални и индивидуални средби и онлајн средби и преку електронска пошта).**

Слаби страни *** При планирањето на работата на стручните активи не е предвидена соработка со активи од други училишта и користење на меѓународни искуства кои би ни го подобриле и унапредиле наставно - образовниот процес.**
Приоритети **При планирањето на работата стручните активи да предвидат соработка со активи од други училишта и користење на меѓународни искуства кои би ни го подобриле и унапредиле наставно - образовниот процес.**

Собирање податоци		
Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор.	**Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди**	Училиштето ги следи постигнувањата на учениците на Советите на предметни и Советите на одделенски наставници според претходно утврдена пишана процедура и располага со податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, квалификационен период (во учебната 2024/25 и учебната 2025/2026 година) и јазикот на наставата од изготвените табели. Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Од изготвените табели може да се увидат следните податоци за вкупниот број на ученици и за бројот на бројчано оценети ученици по пол и тоа за учебната 2024/25 и 2025/2026 година. Од нив се гледа дека во учебната 2024/ 2025 година вкупниот број на ученици е 512 од кои бројчано оценети ученици се 314 при што 150 се машки (47,77%), а 164 женски (52,23%). Останатите 198 ученици од 1 до 3 одделение се описно оценети според своите постигнувања. Во учебната 2025/2026 година вкупниот број на ученици е 509 од кои бројчано оценети ученици се 322 при што машки се 154 (47,52%), а женски се 168 (52,17%).Останатите 187 ученици од 1 до 3 одделение се описно оценети според своите постигнувања. Од приложените податоци се гледа дека во двете учебни години има поголем број на женски ученици кои се бројчано оценети. Во учебната 2024/2025 со одличен успех се 212 ученици односно 70,68%, многу добри се 89 ученици односно 25,64% добар успех имаат 13 ученици односно 6,37%. Со доволен успех нема ученици. Среден успех на учениците е 4,64. Неоценети ученици има во учебната 2024-25та година, односно двајца ученици од осмо одделение се на одделенски испит. Исто така се согледува дека нема голем пад на успехот на учениците при преминот од одделенска во предметна настава. Во учебната 2025/2026 со одличен успех се 200 ученици односно 64,23%, многу добри се 64 ученици односно 18,9%, со добар успех има 50 ученици односно 10,86% и со доволен успех има 9 ученици односно 3,82%. Среден успех на учениците е 4,55. Еден ученик од четврто одделение е описно оценет според постигнувањата од модифицирана програма. Споредбено помеѓу двете години, се забележува дека успехот кај учениците е подобар во учебната 2024/25та година, но, и дека има ученици кои се на одделенски испит за истата година.

	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост	Учениците кои соочуваат потешкотии во учењето се идентификуваат преку редовно следење на нивните постигања од страна на наставниците, во постојана консултација со стручната служба. Напредокот на овие ученици се следи континуирано во текот на целата учебна година.Идентификацијата на учениците со посебни образовни потреби се врши уште при запишувањето во прво одделение преку набљудување, соодветен разговор со детето и информативно-консултативен разговор со родителите/старателите. За оваа категорија ученици се приложува релевантна медицинска документација (наод и мислење) од компетентни институции.Во училиштето е ангажиран дефектолог кој ја врши функцијата координатор на Училишниот инклузивен тим.Инклузивниот тим обезбедува соодветна поддршка за наставниците со цел зајакнување на нивните капацитети за препознавање на способностите и интересите на учениците со попреченост, како и во изборот и примената на адаптирани методи, форми и техники за работа. Дефектологот во континуитет соработува со наставничкиот кадар и директно работи со учениците со цел да се создаде стимулативна и инклузивна клима во училиштето.Групите за индивидуална и група работа со стручните соработници се формираат врз основа на наод и мислење од Центарот за ментално здравје и Комисијата за меѓународна класификација на функционалноста (МКФ).Овие констатации и наоди се земаат предвид при изготвувањето на долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуални образовни планови (ИОП/ИОП со модификација) или при примена на диференциран пристап во наставата. Постигањата на учениците се вреднуваат согласно целите утврдени во нивните индивидуални планови, при што се поттикнува нивниот индивидуален напредок според личните потенцијали.Идентификацијата на надарените и талентираните ученици се врши преку системска опсервација и евиденција од страна на одделенските и предметните наставници (анегдотски белешки, континуирано следење, постигнати резултати и оценки).Дополнително, селекцијата се спроведува преку стандардизирани/специјализирани листи за идентификација на логичко-математичка, јазична, ликовна и музичка надареност.Постигањата и успехот на надарените ученици континуирано се следат и поддржуваат од страна на стручните соработници и менторите. Во училиштето е воспоставен јасен систем за избор на Првенец на генерацијата, дефиниран со посебен Правилник со критериуми за успешност и соодветен инструмент со бодовна листа за објективно вреднување на кандидатите.
	Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците	Нашето училиште “Свети Климент Охридски”редовно ги известува родителите за за постигањата на учениците преку: -индивидуални разговори на наставниците со родителите, одделенските раководители и раководителите на паралелка со родителот, -отворен ден за родители кој се реализира еден ден во месецот - редовни родителски средби. -Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на учениците и преку Едневникот кој што уредно се води.
Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**

Записници од советувања на родители/старатели и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата, Годишен статистички извештај 2024-25, -Годишен статистички извештај 2025-26	**Редовност во наставата**	Училиштето континуирано ја следеше редовноста на учениците и внимателно го евидентираше нивното присуство или отсуство во електронскиот дневник. На седниците на Советот на одделенските и предметните наставници, раководителите на одделенијата од прво до деввето поднесуваат извештаи за редовноста на учениците, анализирајќи ги причините за нивното отсуство и преземајќи соодветни мерки за подобрување на редовноста на наставата. Во случаи кога отсуствата не се оправдани во предвидениот рок, раководителот на одделението, односно раководителот на класот, контактира со родителот/старателот за да добие дополнителни информации за причините за отсуството на ученикот. Доколку нема соодветна комуникација или нема повратни информации од родителите, се вклучува стручната служба на училиштето, која официјално ќе испрати покана до родителите/старателите за нивно присуство и разговор. Во ситуации кога е потребно, училиштето соработува со надлежниот Центар за социјална работа, со цел навремена и соодветна интервенција во најдобар интерес на учениците. Анализата на отсуствата покажува дека учениците отсуствуваат од оправдани причини, при што поголемиот дел од оправданите отсуства се поткрепени со соодветна медицинска документација, односно лекарско уверение. **ПРЕГЛЕД** На изостаноците на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година Табела бр.6 Наставен јазик / Одд. / I / II / III / IV / V / VI / VII / VIII / IX / СЕ Македонски јазик — Оправда: 2114, 1476, 1780, 2117, 1445, 1757, 1396, 3018, 3105, **18208** Неоправ: 0, 0, 0, 0, 0, 6, 12, 1005, 47, **1070** Се: 2114, 1476, 1780, 2117, 1445, 1763, 1408, 4023, 3152, **19278** Албански јазик — Оправда / Неоправ / Се Турски јазик — Оправда / Неоправ / Се

ПРЕГЛЕД

На изостаноците на учениците на крајот
од учебната 2025/2026 година

Табела бр.6

Наставен јазик	Одд.	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	СЕ
Македонски јазик	Оправда	856	2086	1260	2006	1811	1801	1408	1488	2625	**15341**
	Неоправ	/	/	/	1		5	4	322	71	**403**
	Се	856	2086	1260	2007	1811	1806	1412	1810	2696	**15744**
Албански јазик	Оправда										
	Неоправ										
	Се										
Турски јазик	Оправда										
	Неоправ										
	Се										

	Советување на родители/старатели и ученици	Според работните задачи од областа на советување на ученици и родители, согласно Законот за основно образование, сите планирани активности од страна на менаџментот на училиштето, психологот и педагогот на училиштето, во целост се реализирани. На секој одржан одделенски и наставнички совет, одделенските раководители предлагаа ученици од прво до деветто одделение кои покажале послаб успех или незадоволително поведение. Психологот во континуитет работел за подобрување на успехот и поведението на учениците. Во учебната 2023/24, 2024/25 и 2025-2026 година, од страна на стручната служба, спроведени се вкупно(17) 9 (9) советувања по сите основи (несоодветно однесување, нередовност во наставата и намален успех). Сите предвидени (17) 9 (9) советувања се реализирани. Родителите максимално соработуваа со педагошко-психолошката служба и одделенските раководители. По советувањата се продолжи со следење на успехот и поведението на учениците. Кај поголем дел од учениците е забележан напредок во успехот и поведението.

	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава	Со изготвувањето на програма за работа, секој наставник согласно Законот за основно образование, е должен да ја реализира програмата за редовна настава во целост. На секој одделенски и наставнички совет, една од точките е и реализација на планот и програмата и постигањето на учениците. Според записниците од одржаните совети, се извлекува заклучокот дека планот и програмата за редовната настава во целост се реализирани. Исто така заклучено е дека сите наставници за подобрување на квалитетот на редовната настава и постигањето на учениците, користат современи, иновативни техники преку електронски табли и компјутери. Редовната настава опфаќа и посетите на историски и културни објекти, тесно поврзани со содржините од редовната настава. На самиот почеток на учебната година, одговорен наставник изготвува распоред, за секој наставник ,по секој наставен предмет точни датуми за реализација на дополнителната настава според програмата. Наставниците на првата родителска средба ги информираат родителите за распоредот на одржување на дополнителната настава и за потребата од нејзина реализација за учениците кои ќе покажат послаби резултати во учењето или имаат отсуство подолг период од наставата поради оправдани причини. Родителите потпишуваат согласности за посетување на часови по дополнителна настава .Наставниците ги одржуваат дополнителните часови во текот на годината иги евидентираат во Е – дневник.. На Одделенските и Наставничките совети се прави анализа на постигнатиот успех од дополнителната настава. Оваа година изведен е заклучокот дека со дополнителните часови учениците го подобриле својот успех ,па дури и поведението.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Индикатор 2.1 Постигања на учениците

- Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди
- Резултати од екстерни тестирања
- Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост
- Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците

2.2 Мерки за подобрување на постигањата

- Редовност во наставата
- Советување на родители/старатели и ученици.
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.

Силни страни

- Континуиран тренд на подобрување на средниот успех на учениците, како резултат на успешна примена на разновидни, современи техники и методи во наставниот процес кои го стимулираат учењето.
- Воспоставен функционален систем за водење прецизна и детална аналитичка евиденција за успехот на учениците на тримесечно и полугодишно ниво (диференцирано по пол, јазик и наставни предмети), што овозможува реално следење на напредокот.
- Редовна споредбена анализа на успехот и поведението по секој квалификациски период со претходното тримесечие и претходните учебни години, што служи како основа за навремено планирање мерки за подобрување на постигањата.
- Обезбедено правично вреднување, објективност и висока транспарентност во оценувањето и соопштувањето на постигнатите резултати на учениците и на нивните родители.
- Видлив и мерлив напредок во успехот кај учениците со потешкотии во учењето, благодарение на редовната и насочена дополнителна настава со прилагодени вежби во помали групи.
- Забележителни постигања и висок квалитет на знаења кај надарените и талентираните ученици, потврдени преку резултати на натпревари под водство на наставниците-ментори и преку додатна настава.
- Висок степен на постигнување на стандардите за оценување во инклузивниот процес преку успешна реализација на Индивидуални образовни планови (ИОП) и модифицирани програми во редовната настава.
- Евидентно подобрување на редовноста на учениците и драстично намалување на вкупниот број оправдани и неоправдани отсуства во учебната 2025/2026 година, како директен фактор за стабилизација на успехот по одделенија.
- Изразена креативност, стекнати практични вештини и применливи знаење кај учениците преку нивно масовно вклучување во воннаставни активности според нивните лични интереси.

Слаби страни

-Зголемен број на ученици со ИОП , а во училиштето има само еден дефектолог , 2 дена во седмицата
- Недоволно опремена сензорна просторија во училиштето

Приоритети

Комплетирање на стручната служба со постојан дефектолог и социјален работник.

- Доуредување и опремување на сензорната просторија.

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Свети Климент Охридски“ - Бутел Подрачје 3: Училишна климаи односи во училиштето

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма на стручен соработник (психолог, педагог, дефектолог) Наставни планирани годишни програми на наставниците МИО програма	Углед/имиџ на училиштето	● Во нашето училиште посебно се гордееме со односот помеѓу наставниците и сите вработени во него бидејќи тој се базира на почитување, соработка и тимска работа. Доказ за тоа се редовните меѓусебни посети на отворените часови од соодветните активи што е знак за меѓусебна заинтересираност и добра комуникација меѓу наставниот кадар. ● Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став кон основната цел - едукација на младите. ● Училиштето ги реализира еко стандарите предвидени со програмата и наставниот план.
Кодекс на однесување од годишна програма ЕКО програма од годишните наставни програми	Кодекс на однесување	● Во училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата за однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот ● Училиштето има донесено и Еко-кодекс, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето согласно содржините на еколошката програма.

Програми од Стручен актив на природна група на предмети, на општествена група предмети. Записници од Стручни активи, Наставнички Совет, Одделенски Совет ИКТ годишни програми од наставните програми на наставниците Програми за одделенски час Програми за советување на ученици од стручен тим Распоред на дежурни наставници Едневник - Евиденција на отсуства на учениците Годишна програма - Правилник за изрекување на педагошки мерки	Училишна клима	● Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените што се гледа од увидот во записниците на Наставничките, Одделенските совети и работата на стручните активи. ● Во наставните содржини има голема примена на компјутерска технологија и наставниците ги применуваат современите техники, методи и инструменти за работа. ● Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други што е утврдено од Програмите за одделенскиот час во предметна и одделенска настава на кој се работат теми од програмата *животни вештини*. Од наведените извори може да се дојде до сознание дека учениците се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на нивната способност, пол, етничката припадност, социјалното потекло и вероисповест. ● Во училиштето постои здрава училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и постои професионална соработка меѓу вработените.
	Поведение и дисциплина во училиштето	● Дисциплината на учениците е добра. Има многу мал број на ученици кај кои се забележуваат несоодветни однесувања и за истите се изречени усни и писмени опомени. Училиштето во врска со тоа превзема: советодавна работа на раководителот на паралелката со овие ученици, советодавна работа на стручните соработници и директорот, активности на раководството на ученичката заедница на паралелката, вклучување на родителите во решавањето на таквите проблеми. Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште што се гледа од Распоредот на Дежурните наставници. Проблемите со дисциплината и редовноста понекогаш резултираат со изрекување педагошки мерки кои може да се избегнат до колку навремено се идентификуваат и се разрешуваат во соработка со вработените, стручната служба и родителите. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

Годишна програма за Ученичка заедница Записници од Ученичка заедница	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки кои се однесуваат на поведението и дисциплината на часовите што е видено од одделенските книги и записниците на ученичката зедница на училиштето. Преку работата на Ученичките заедници учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки.
Индикатор 3.2Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма на Правото на детето	Познавање и почитување на правата на децата	● Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.
	Еднаков и правичен третман на сите ученици	● Училиштето промовира еднаквост и правичност како базични вредности во сите свои пишани документи, постојано развива механизми со кои обезведува нивно почитување во односите на сите структури што се инволвирани во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето води политика на позитивно промовирање и актуелизирање на родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Учениците постојано се насочуваат и учат да ја почитуваат како сопствената културна традиција, така и културата и традицијата на сите етнички заедници во Р.С.М. без разлика на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја следат наставата.

Индикатор 3.3 Партнерски односсо заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Записници од Совет на родители, родителски состаноци -Спроведени анкети на наставници, ученици и родители -Одделенски дневници -Евидентни листови и свидителстава -Прашалник за наставници и стручни соработници -Интервју со вработени -Анализа на документација	Соработка на училиштето со родителите/старателите	-Секој наставник ги запознава учениците со наставниот план и програма за наставните предмети што ги предава, а родителите се запознаени со истите на првите родителски средби. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители. -Најголем дел од родителите и ученици се изјасниле дека се информирани за наставните планови и програми на почетокот на учебната година. Исто така и наставниците се изјасниле дека родителите и учениците ги информираат на почетокот на учебната година за наставните содржини. -На родителски состаноци родителите се информираат за постигнатиот успех на нивните деца. При незадоволителни резултати наставникот навремено реагира и се преземаат соодветни активности за подобрување на успехот. -Во нашето училиште се препознава дека од особена голема важност е нивото на кое се остварува комуникацијата помеѓу родителите на учениците и самото училиште на сите ниво. Од таа причина се посветува големо внимание активната комуникација со родителите да се одвива непречено преку организирање на редовни но по потреба и вонредни родителски средби кои пак од своја страна според природата на проблемот можат да бидат индивидуални и заеднички. -Советот на родители е препознаен како еднаков партнер во донесувањето на одлуките кои имаат влијание во подигањето на квалитетот во споредувањето на воспитно образовниот процес и функционира без никакви пречки. Навремено се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците. Се организираат голем број на работилници како и проекти.

Обуки за наставниците и стручниот тим кои се реализираат од БРО Годишна програма на Црвен крст	Соработка со општината и со урбаната заедница	Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку Секторот за образование во општината и преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од Советот на општината. Градоначалникот и членови од Советот на општината редовно го посетуваат училиштето за време на приредби, како на пример по повод приемот на првачињата на почетокот на учебната година и Патрониот празник на училиштето. Одбрани ученици од училиштето учествуваат во активностите организирани од страна на секторот за образование на општината како на пример учество на квизот „Сезнајковци“ при што наградените ученици добиваат ваучери обезбедени и донирани од страна на бизнис секторот. Општината традиционално организира Априлијада за сите основни училишта при што наградените ученици добиваат сертификат од општината. Во подготовка се донации на училишни униформи на учениците од прво до деветто одделение од страна на општината. Соработката со локалната самоуправа се остварува преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на наставата, професионалниот развој на наставниците, како и подобрување на условите за работа на училиштето. Градоначалникот и Секторот за образование на општината организираше и реализираше обуки на наставници од страна на врвни професори од УКИМ на теми кои се актуелни и релевантни за образовната дејност. Беа организирани и спроведени обуки на наставниците за давање Прва Помош од страна на Црвен Крст. Општината секогаш се грижи за редовно косење на тревата училишниот двор во пролетниот период. Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствената и хуманитарната дејност (Црвен Крст) и детските градинки во општината. Исто така се развива комуникација со други образовни институции во РСМ и странство. Училиштето има потпишано Меморандум за соработка и заеднички активности со ООУ„Панајот Гиновски“ во рамките на проектот за МИО. Училиштето остварува комуникација со граѓански здруженија и донатори од бизнис секторот при реализација на одредени проекти, како на пример собирни акции на пластика во организација на Пакомак, или собирање на батерии од Елколек. Училиштето доби вредни донации од страна на бизнис секторот во форма на мебел, компјутери и компјутерска опрема.

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за советување на ученици од стручен тим на училиштето	Превенција и заштита од насилство	Училиштето има изготвено училишна политика и обучен тим на наставници од проектот за превенција од насилно однесување во училиштата. Согласно правилникот за изрекување на педагошки мерки во училиштето се санкционира секаков вид на насилство. Училиштето има пишани процедури за регистрирање и отстранување на појава на негативно дејствување. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира психологот според својата годишна програма. За педагошките мерки и постоењето и помошта од психолошко-педагошка служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час и родителите на родителска средба. За решавање на различни проблеми кај децата, училишната служба и одделенските раководители разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на неприлагодено однесување. Покрај секојдневните активности за превенција и справување со насилство во училиштето на часовите на одделенската заедница се организираат работилници на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање и справување со различни видови на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница. Жртвите, родителите на жртвите или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено инепристрасно.

Кодекс на однесување - Куќен ред на училиштето Годишни програми за одделенски час - Вештини за живеење	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Со куќниот ред на училиштето се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Психолошка служба организира работилници со ученици а и преку програмата за животни вештини на класни часови се поттикннува свесноста кај учениците за штетноста на овие супстанци. Исто така тим од ученици, наставници и стручни соработници учествуваат во проектот, инаку на вратата и внатре во објектот постојат ознаки за забрането пушење. Училиштето реализира активности за стекнување и проширување на знаењата и образованието за половите и меѓучовековите односи, превенција и заштита од пороци.

Училишна кујна во училиштето Договор за обезбедување на безбедна храна до учениците во Продолжен престој ЕКО програма Програма за животни вештини	Квалитет на достапна храна	Сериозно се наметнува проблемот за примена на здравата и квалитетна храна во училиштата, како императив на светските тенденции за здрава исхрана. Во тој контекст, многу е битна едукацијата на учениците во врска со начинот на исхрана и употребатана здрава храна. Во близина на училиштето се наоѓаат продавници, киосци и сендвичари каде учениците се снабдуваат со тостови и други грицки кои што покрај тоа што се нездрави, училиштето нема увид во нивниот квалитет. Учениците често доцнат на часовите по голем одмор поради гужвите што се прават пред самите киосци и сендвичари. Во соработка со локалната заедница и со општината потребно е да се воспостават процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина. Во училиштето се прават работилници за здрава исхрана, за значењето на здрава исхрана, за здравјето, во соработка со установите во локална заедница. Училиштето организира предавање за учениците, флаери и друг материјал, активности од еко проектот и програма за животни вештини.

Годишна програма за здравствена заштита Годишна програма за превенција од заразни заболувања ЕКО програма	Хигиена и заштита од болести	Хигиена во училиштето е на задоволително ниво.Тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат неколку пати во текот на денот, но хигиената на училишните тоалети не е задоволителна во сите објекти. Ходниците се бришат по секој одмор, пред и по секоја смена. Училниците се чистат по и пред секоја смена, подовите и клупите се дезинфицираат еднаш неделно. Дворот во училиштето се одржува чисто и кај некои објекти е ограден. Сите дворни површини се озеленети и хортикултурно уредени. Во дворот на училиштето и во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, во корпите редовно се врши замена на најлонските кеси. Училиштето има програма за здравствена заштита која е дел од Годишната програма на училиштето, како и програма за заштита од заразни болести кои се спроведуваат од страна на вработените во училиштето, како и од доктори и други здравствени работници по пат на предавања, дебати и делење на флаери, како и во рамките на еко проектот на точките на акција кои се однесуваат на здравјето и во склад со еко календарот со одбележување на светски ден на здравјето пропишан од СЗО. Преку Еко-тим и Тим за хигиена во паралелките, учениците водат грижа за одржување на чисти и уредни училници, добро проветрени и дезинфицирани. Во тек на летниот период се врши кречење на училниците и ходниците, дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на секоја учебна година од стручни лица на ХЕС, и санација на стаклата и училишниот мебел од страна на хаус мајсторот на училиштето. При појава на заразни заболувања (епидемија) училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесување како во училиштето, така и дома во контекст на симптомите, пренесувањето на болеста, превентивата и во однос на посетата на наставата. Стручната служба во ваков случај секој ден ги посетува одделенијата за проверка на евентуално болни и отсутни поради болест и поднесување на извештај до Државниот санитарен инспекторат и ЦЈЗ. Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Според Годишна програма на училиштето, на учениците им се извршуваат систематски, стоматолошки прегледи и редовна вакцинација.

Годишна програма за здравствена заштита на учениците	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Посебно внимание во училиштето се посветува на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример: екскурзии, приредби,натпревари, следење на on-line настава). Во училиштето се организираат собирни акции на книги, облека и ученички прибор. Се партиципира трошокот за екскурзија и други вонастановни активности на оваа категорија на ученици а при тоа училиштето во соработка со Општина Бутел и бизнис сектор додели таблети на оваа категорија ученици за непречено следење на настава. Училиштето редовно соработува со локалната заедница, бизнис секторот и со родителите за навремено пружање помош на оваа категорија на ученици. Во училиштето се работи на проектот Образовен додаток и детски додаток.
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Училиштето има усвоена процедура за грижа за учениците кои поради некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава за кои се води уредна евиденција, во соработка со родителите и здравствените установи. За учениците кои подолго отсуствуваат од настава, училиштето води соодветна грижа преку организирање на дополнителна настава, работа со учениците за надополнување на изгубените наставни содржини, им помага во секојдневните активности и движење (ако има потреба од тоа), соработува со соодветни медицински и социјални установи. Одделенските раководители водат досие за ученикот и го следат заедно со родителите и останатите вработени во училиштето.

Годишна програма на стручен соработник - дефектолог Годишни наставни програми со диференцирани цели за ученици по ИОП	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Во нашето училиште имаме ученици кои се соочуваат со емоционални потешкотии. Основни карактеристики кај децата со емоционални проблеми се: Проблеми со концентрација и внимание за време на наставата; Намалени капацитети за учење; Отсуство на организиран мисловен процес; Загриженост за членови од семејството; Склони се на психосоматски поплаки (стомачни болки, главоболки и др.); Губење на порано стекнати вештини; Деструктивно однесување; Нарушен сон; Некооперативност; Лоша слика за себе; Намалено самопочитување; Чувство на различност од другите; Песимизам кон сегашноста и иднината; Тие потешкотии се манифестираат како: 1. Нарушен психофизички развој кај учениците: - Специфично развојно нарушување на училишните вештини; - Специфично развојно нарушување на моторните функции; - Деца со интелектуална попреченост; - Попреченост во развој наговорот и јазикот; - Деца со слабовидност и оштетен вид; 2. Емоционални потешкотии и нарушено поведение: - ADHD; - Тикови; - Стравови; - Агресивност; - Пречки во комуникација и социјализација; - Несреќни деца; - Тажни деца; - Повлечени деца; За ученици кои се идентификувани како ученици кои имаат емоционални потешкотии во однесување, прилагодување во училишна средина или други потешкотии кои се рефлектираат на нивно емоционално и ментално здравје се развиваат интервентни програми според потребите на секое дете поединечно. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. На овие програми работи инклузивен тим и одделенскиот наставник, другите наставници, логопед, дефектолог, социолог, психолог, педагог, родителите и соодветни институции.

Програма за професионален развој на учениците од стручен тим (психолог, педагог) Изготвени прашалници за професионална ориентација на учениците	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	**Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** Во училиштето е подготвена програма за професионална ориентација на учениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето ги информира наставниците и учениците за можностите на учениците за понатамошно образование и доусовршување. За подетално информирање средните стручни училишта, заедно со своите училишни тимови вршат презентација за постоечки смерови во нивните училишта.Сите субјекти во училиштето се свесни за важноста на одлуката на учениците, па затоа заеднички соработуваат и се надополнуваат.Класните раководители и предметните наставници на дополнителни часови и проектни активности, ги запознаваат учениците со можните професии, постоечки средни училишта и смерови со кои располагаат училиштата. Редовносе одджуваат работилници од страна на стручната служба со целосно согледување на ученичките интереси и способности. Се изготвуваат прашалници за учениците од девето одделение за нивната професионална ориентација. Ги информираат учениците дека секое средно училиште објавува конкурс за запишување, во кој децидно се наведени критериумите за упис, споредкои учениците можат да конкурираат, зависно од можностите за запишување, во одредено средно училиште. После обработените податоци од прашалникот наставниците ги информираат учениците за резултатите од прашалникот, од кои се утврдуваат професионалните интереси и способности на учениците. Со учениците се водат индивидуални разговори за изразените интереси и можности за нивниот избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование и доусовршување. Стручната служба заедно со наставниците подготвува трибини, дебати и работилници на кои се повикуваат родителитете и учениците. Им се презентира изработена листа за склоности и интереси, како и особини на личноста, поврзани со секоја струка. При тоа се дава акцент и им се се укажува за важноста на давање помош на нивните деца при избор на занимањето и понатамошно образование. Училиштето и стручната служба им нудат помош на родителите која можат да ја добијат во секој момент од секој вработен. Уште во месец мај, учениците навремено се запознаваат со конкурсите за упис во средните училишта, се организира посета со физичко присуство и on-line и се овозможува презентација на средни училишта во училиштето но и во самите средни училишта. Информациите кои ги добиваат учениците се јасни, прецизни, релевантни и актуелни (информации од средните училишта). Учениците добиваат информативен материјал-книги, брошури, флаери, ПП презентации. Се обезбедува адекватна и стручна помош од страна на стручната служба и наставниците кои постојано го следат напредокот на учениците и и мпомагаат доколку е потребно и на родителите и на учениците при вистинскиот избор на идното занимање на учениците.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето
Индикатор 3.1Училишна клима **-** Следење на дисциплината, редовноста и почитувањето на Кодексот на однесување на учениците - Грижа за здравјето на учениците (поволни услови за работа и престој во училиште) - Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост **-** Известување на родителите/старателите за постигнатиот успех на ученикот, редовноста и дисциплината **2.2 Мерки за подобрување на постигањата** **-** Редовност во наставата - Советување на родители/старатели и ученици.
Силни страни ➢ Обучен наставен кадар за користење на современи наставни форми и методи; ➢ Училиштето промовира еднаквост за сите ученици по пол, национален состав; ➢ Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик; ➢ Опременост со наставни средства; ➢ Реновирани училишни објекти со што се подобрени услови за работа; ➢ Учество на натпревари и освојување на голем број на награди; ➢ Со учениците кои имаат тешкотии во учењето наставниците даваат поддршка и ја прилагодуваат наставната програма според нивните можности.Наставниците изработуваат ИОП за учениците инклузирани во редовна настава; ➢ Успехот и редовноста на учениците во рамките на училиштето се следи според сите криериуми (пол и етничка припадност); ➢ Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците; ➢ Создадена е стимулативна средина и еднакви можности за сите ученици од различни етникуми; ➢ Наставниците уредно водат педагошка евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците;

➢ Транспарентност при оценувањето и соопштувањето на оценките на учениците и родителите;

➢ Навремено обезбедување на соодветен наставен кадар;

➢ Целокупниот наставен кадар е во согласност со нормативите за работа и Законот за основно образование;

➢ Целосна поддршка на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба во училиштето;

➢ Посета на голем број на семинари организирани од страна на БРО, МОН и други акредитирани здруженија по предмети;

➢ Навремена и редовна дисеминација на наставниот кадар;

➢ Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма и деловник за работа;

➢ Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства;

➢ Остварува: комуникации и односи со јавноста; унапредување на меѓучовечките односи; професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; планирање, поддршка на наставата и учењето; обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците; раководење со финансиски и материјални ресурси;

➢ Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН;

➢ Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се:наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО;

➢ Постои интерен правилник за пофалби и награди на учениците;

➢ Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми;

➢ Содржините на наставните планови ипрограми вклучуваат поголема ангажираност од страна на наставниците, учениците и родителите и поголема соработка со локалната средина;

➢ Идентификување на надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини;

➢ Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите;

➢ Училиштето ги поттикнува учениците во вклучување на различни воннаставни активности;

➢ Континуирано се применуваат јасни правила на однесување;

➢ Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование;

➢ Редовно се реализираат планирани систематски прегледи на вработените и учениците;

➢ Комуникација помеѓу директор и вработени е на завидно високо ниво;

➢ Комуникацијата помеѓу самите наставници се одвива непречено и се споделуваат сите информации;

➢ Комуникацијата на состаноците се одвива без проблем и навремено се пренесуваат сите потребни информации за непречено одвивање на воспитно образовниот процес;

➢ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;

➢ Се превземаат голем број мерки во вид на советодавни работлиници и истражувања кои имаат за цел намалување на меѓуврсничкото насилство помеѓу учениците;

➢ Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување;

➢ Стручниот соработник спроведува активности при професионална ориентација;

➢ Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес;

➢ Постои вклученост на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми;

➢ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;

➢ Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување;

➢ Училиштето има континуирана соработка со релевантни институции од областа на културата на ниво на општина Бутел;

➢ Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ);

➢ Постои соработка со јавните установи во области од нивни домен;

➢ Еднаквост и правичност на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статус за учениците со различни способности и за учениците со посебни образовни потреби;

➢ Се дава поддршка и помош на ученици кои имаат проблеми и потешкотии при совладување на наставните содржини;

➢ Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди;

➢ Во училиштето постои обучен кадар (неколку наставници) за давање на прва помош на учениците;

➢ Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува, се разгледува и објаснува објавениот конкурс и се организираат презентации и конкурси за стипендии од средни училишта;

➢ Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи;

➢ Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во Е-дневникот и евидентните листови;

➢ Родителите навремено се известуваат за постигањата на своите деца;

➢ Редовно се организираат индивидуални средби, разговори и советувања со родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за наставата, имаат слаби постигања и не се придржуваат до кодексот на однесување во училиштето;

➢ Интегрирани МИО активности во редовната настава и воннаставни активности;

➢ Навремено информирање и реализирање на кодекс-правата на ученикот, наставникот и родителот;

➢ Добра соработка на училиштето со локалната заедница и институциите од градот и пошироко;

➢ Промовирање на сите активности во локалната заедница;

➢ Училиштето има воспоставено ефективни механизми за унапредување на соработката и редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители и локалната заедница за целите на наставните планови и програми што се реализираат;

➢ Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во планирањата од наставниците и наставните помагала;

➢ Подобрена соработка со деловниот сектор.

Слаби страни

➢ Организирање на дополнителни обуки и семинари, за примена на нови пристапи при планирањето, реализација на наставата и оценување на учениците и учениците по ИОП, обуки за меѓу врсничко ненасилство.

Приоритети

-Организирање семинари, работилници и обуки кои за цел имаат да ги запознаат наставниците со нови практики и методи за следење, оценување и вреднување на знаењето на учениците;

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Индикатори за подрачјето:
4.1 Управување ираководење соучилиштето
4.2 Цели и креирање научилишната политика

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Програма за работа на училишниот одбор; • Деловник за работа на училишниот одбор; • Статут на училиштето; • записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); • Развојна програма на училиштето; • Програма за работа на директорот; • Програми за професионален развој; • Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); • Интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор; • Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; • Прашалник за одговорното лице од општината; • Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни	Управување со училиштето	Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето според Законот за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). Работата и функционирањето на УО е јасно дефинирана според деловникот за работа на училишниот одбор, навремено се донесуваат заклучоци и одлуки со консензус и истите се транспарентни. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, а успешно соработува со Советот на родители, стручна служба, наставници, ученици, локална самоуправа и приватни водечки структури. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам. УО се состои од седум члена и тоа: тројца претставници на наставниците, стручните соработници и воспитувачите; тројца претставници на родителите на учениците; еден претставници од основачот и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент (без право на глас). Сите членовите на УО се присутни на состаноците на кои непречено се работи, детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето со уредно изготвени записници. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
	Раководење со училиштето	Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се' со цел наставниците редовно да се информираат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта и вибер група. Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во Училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во Училиштето, особено инсистира и поддржува реализирање на еколошки содржини

мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека.		и спроведување на училишни политики, во кои се афирмира инклузивноста на училиштето. Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации, вклучувајќи го училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Училиштето презема активности за унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со потпишан меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ ,,Милутин Смиљковиќ"од Лесковац.
	Управување и раководење со ресурсите	Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Наставата се одвива во кабинетска настава. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Но и понатаму недостасува голем дел од асистивна технологија наменета за работа со ученици со ПОП и дел од наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, ИКТ опрема, како и обнова на реквизити за реализирање на наставата по ФЗО. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците. Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води во согласност со законот за библиотеките. Во библиотеката се води електронска библиотечна евиденција. Издавањето и враќањето книги се води по електронски пат. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
	Раководење со кадарот	Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализитрање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен, компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за

		работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручните соработници во дозвола со директорот според направен распоред вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите. Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН. Во случај на краткорочно и долгорочно отсуство на наставниот кадар училиштето навремено поднесува барање до Општината, но понекогаш нема брза и соодветна замена од секторот за образование.
	Следење и унапредување на наставниот процес	Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично професионално усовршување изработувајќи лични планови за професионален развој на почетокот на учебната година. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни тенденции. Според новиот закон сите наставници изработуваат план професионален развој за тековната учебна година во кој се вклучени и посети на обуки организирани од МОН, БРО, ЦЕС и други. Дел од наставниците со самофинансирање посетија и посетуваат одделни обуки во текот на учебната година. Секој наставник може да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците. Директорот целосно ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците. Сите наставници се стекнаа со пофалници и благодарници од училиштето кои со своите ученици постигнаа и стекнаа високи резултати на регионално и државно ниво. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж. Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. Најголем број наставници по најмалку два наставни часа беа посетени од страна на директорот и стручните соработници во текот на едно полугодие. Во текот на следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени формулари или протоколи на кои ги запишуваат и бележат сознанијата од посетениот час. За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување.

Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Развојна програма на училиштето; • годишна програма за работа на училиштето; • извештај од самоевалуација; • план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; • анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; • записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; • интерни акти; • програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; • деловник за работа на училишниот одбор; • план за професионален развој; • буџет и финансиски план на училиштето.	Процедури за креирање на училишната политика	Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла и преку веб страна на училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето.
	Резултати од развојно планирање	Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата на училиштето. Дел од нив се потешко остварливи поради потреба од финансиски средства со кои што не располага училиштето и треба да се обезбедат од Општината, донатори или учество во проекти. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат тековно.

	Планирање и управување со училишниот буџет	Финансиското работење на училиштето е согласно законските норми и за него се надлежни Директорот и Училишниот Одбор кои редовно се запознаени со финансиското работење на училиштето и го следи наменското трошење на буџетот согласно законските прописи. Училишниот буџет се планира, економично и ефикасно распределувајки ги финансиските средства согласно потребите на училиштето со цел подобрување на квалитетот на наставата. При изготвување на планот за јавни набавки во комисиите редовно земаат учество и членови на УО, како и претставници од сите структури. Контролата на законското работење ја врши УЈП, локалната самоуправа (внатрешна ревизија на Општина Бутел) и Завод за државна ревизија. Буџетот на училиштето се користи наменски за подобрување на условите за работа и квалитетот на наставата. За финансиското работење се информирани сите вработени, родителите и локалната заедница, преку седниците на УО, Наставнички совет, Совет на родители, огласна табла, веб страната на училиштето. Материјално-финансиско работење на училиштето се искажуваат преку две сметки со кои располагаат училиштата и тоа: - општинска сметка -блок дотации - сопствени приходи-самофинансирачки активности Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план за финансирање од страна на основачот –Општина Бутел кој се доставува во тековната година за наредната година. Предлог-финансовиот план за 2026 година за двете сметки го разгледува Училишниот одбор и истиот го предлага во октомври 2026 година. Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2027 година за 2026 година и училиштето ги доставува до надлежните институции . Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните услови за работа на училиштето.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

- Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, постоечката документација во училиштето и од Извештајот од интерната евалуација на училиштето спроведена во 2022 година.
- Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган.
- Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Учениците сите потребни информациите ги добиваат преку одделенскиот раководител или преку официјално известување од училиштето.
- Училиштето располага со задоволителен број на просторни капацитети. Редовно се врши обновување на училниците и санитарните јазли, како и хортикултурно уредување на училишниот двор. Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала и ИКТ опрема, а училниците со современа технологија.
- Училишната библиотека располага со книжен фонд, кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Постои потреба од збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија. Потребите пак од наставни средства и материјали континуирано се обновуваат согласно финансиските можности на училиштето.
- Структурата на вработените е во согласност со дадените нормативи Наставниот кадар во училиштето е компетентен за реализација на сите наставни планови и програми.

- Персоналот пак со повисоки квалификации е секогаш подготвен да им помогне на младите кадри во нивното стручно усовршување. Фактичката ситуација е таква што на наставниците кои сакаат стручно да се доусовршат им се дава како морална , така и делумно материјална поддршка. Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет одредува ментор на наставникот приправник. На наставниците приправници им се назначува ментор кој им помага и ги насочува за што поуспешна, самостојна работа. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на годишните и процесните планирања, го упатува во различни пристапи за одржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава мислење за неговата работа.
- Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие. Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и се секогаш отворени за соработка.
- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.
- Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.
- Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.
- Финансиското работење на училиштето се одвива според законските норми и за него се информирани сите вработени, родители и локалната заедница. Надлежни за негова контрола се директорот, Училишниот одбор, Локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и Заводот за државна ревизија. Финансиските средства со кои располага училиштето не се доволни за задоволување на сите потреби во него.
- Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во делумна функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување според потребите. Училиштето континуирано интервенира, со цел да обезбеи средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.
- Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа, обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.

-

Силни страни

- УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.
- Училиштето е добро раководено
- Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики
- Најголем број од наставниците сметаат дека имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлуки
- Квалитетен наставен кадар
- Соработка помеѓу стручните соработници и наставниците
- Целите во развојно планирање се конкретни, јасни и при нивното поставување се вклучени сите засегнати страни.
- Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори.
- Училишната библиотека располага со читална за учениците
- Училниците се опремени со ИКТ опрема

Слаби страни

- Потребата од зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог со полно работно време само во ова училиште или педагог) во училиштето
- Сензорна соба за работа со ученици со ПОП
- Промена на дотраената ИКТ опрема со нова функционална опрема

Приоритети

- Зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето
- Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП
- Замена на дел од дотраената ИКТ опрема со нова функционална опрема

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Анкета за родители/старатели
Анкета за наставници
Анкета за ученици
Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба
Резиме (главни наоди) од фокус групи
Наоди од набљудување часови
Наоди од други видови набљудувања

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Свети Климент Охридски“ за период од 2024 до 2025 година

Врз основа на член 129 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 и 250/25 и 111/26) Општинското основно училиште „Свети Климент Охридски“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024 до 202 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 22.09.2026 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Златко Тапчановски – стручен соработник, Мирослав Митиќ – одделенски наставник, Маја Димковска – одделенски наставник, Јоана Искова – предметен наставник, Милорад Васовски – преставник од редот на родителите.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 01.10.2026 до 30.10.2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1.Планирање, настава и учење	1. Мирослав Митиќ 2. Сузана Младеновска 3. Даниела Пижевска 4. Елеонора Милошевска 5. Анета Утковска 6. Александра Н. Бадаровска 7. Даниела С. Кочиева 8. Весна Ивановска 9. Маријанчо Дамјановски 10. Виолета Јосмова 11. Симона Тодоровска

2.Постигања на учениците	1. Маја Димковска 2. Радмила Искова 3. Теодора Стојоска 4. Весна Пенева 5. Вера Атанасовска 6. Бојан Јовановски 7. Јасминка Петрушевска 8. Сузана Јовчева 9. Татјана Цветковска 10. Анета С. Трајковска
3.Училишна клима и односи во училиштето	1. Јасминка С. Вељковска 2. Маја Автовска (замена) 3. Светлана Стојкова 4. Изабела Апостоловска 5. Љупка А. Таневска 6. Оливера Костадинова 7. Бојана Ангеловска 8. Цветанка Гаговска 9. Маја Дрндаревска 10. Јован Костовски
4.Управување и раководење	1. Јоана Искова 2. Виолета Николова 3. Марина Ѓорѓиева 4. Маја Ристовска 5. Санда Миева 6. Катерина Николовска 7. Мариана Стрезовска 8. Ивана Јакимовска 9. Владимир Костовски 10. Љубица Нацева

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 02.11.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето **Применувани наставни планови и програми** **(На почеток од учебната година од страна на тимот беше извршен увид во годишните програми на сите наставници од предметна и одделенска настава.** *** Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми** **(На почетокот на учебната година се организираат родителски средби на кои се презентира целата наставна програма за тековната година, детално по предмети и фонд на часови. Се укажува дека истата е достапна и на БРО. (Доказ: Записници од родителски средби во секој дневник на паралелката)** *** Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби** **(Тимот за инклузија и поддршка на учениците изработува ИОП за секој ученик со ПОП. На крајот на учебната 2022/23 во училиштето има вкупно ?** **ученици со ПОП со кои се работи според изготвен ИОП. Во работата со овие ученици се вклучени и образовни и лични асистенти. (Доказ: Соодветна документација кај стручната служба - дефектолог)** *** Избор на наставни предмети** **Од учебната 2025/26 год. е зголемен фондот на изборни предмети** **(Доказ: Спроведени анкети во секоја паралелка, записници од наставнички совет).**

*** Обем и разноврсност на планираните и реализираните воннаставни активности**

*** Опфатеност на учениците во воннаставните активности**

*** Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**

*** Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности**

(Во текот на учебната година се реализираа воннаставни активности преку кои се одбележаа важни датуми, се промовираа знаењата и способностите на учениците преку учество на натпревари, манифестации и приредби. Преку вонанаставните активности се истакна работата на слободните ученички активности и спортските клубови, како и проектите во кои е вклучено нашето училиште. За дел од активностите беше остварена соработка со локалната средина. Информации за истите беа споделени преку социјалните медиуми и веб страната на училиштето. Поради тоа во следните две години ќе се преземат активности во соработка со стручната служба, со цел да се преиспитаат желбите, интересите и афинитетите на учениците, родителите и наставниците со што ќе се зголеми мотивацијата за учеството на учениците во поголем број на слободни ученички активности. (Докази: фотографии, извештаи, видео и аудио снимки, освоени награди, признанија , пофалници и слично).

Силни страни

Сите наставници имаат изготвено годишни, тематски – развојни и дневни сценарија и истите ги содржат неопходните елементи за успешна

организација и реализација на часовите.

*** Наставниците изготвуваат ИОП за потребите на учениците со пречки во развојот и во училиштето функционирааат Инклузивни тимови на ниво на училиште како и за потребите за ученик/чка.**

*** Наставниците применуваат различни методи за интеракција и соработка со учениците на часовите.**

*** Наставниците промовираат взаемно почитување, помош и разбирање и при тоа не прават разлики меѓу учениците по ниедна основа (пол, социјално потекло, етничка или религиозна припадност).**

*** Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците, грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди прифатена и спроведувана д учениците, наставниците и родителите / старателите и е дел од културата на училиштето.**

*** Училиштето промовира, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето, негува интеркултурна комуникација и**

почитување на различностите. Стекнатите знаења се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во демократско мултикултурно/мултиетничко општество.

*** Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување хуманитарни акции со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување конфликти.**

*** Учениците преземаат различни одговорности во училиштето и вон наставата и истите заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права.**

*** Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат потребите и пречките во образовниот процес и превземаат активности за нивно остварување односно за нивно отстранување. ВОП се остварува согласно Законот за основно образование земајќи ги предвид сите негови подрачја (интегрирање на МИО, ЕКО и ИКТ содржини во наставата).**

*** Училиштето го спроведува во целост законскиот акт за формативно оценување и ги користи информациите добиени од истото за евалуирање и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата .**

***Наставниците редовно ги известуваат родителите и учениците за оценките и даваат препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик (на формални, неформални и индивидуални средби и онлајн средби и преку електронска пошта).**

Слаби страни

*** При планирањето на работата на стручните активи не е предвидена соработка со активи од други училишта и користење на меѓународни искуства кои би ни го подобриле и унапредиле наставно - образовниот процес.**

Приоритети

При планирањето на работата стручните активи да предвидат соработка со активи од други училишта и користење на меѓународни искуства кои би ни го подобриле и унапредиле наставно - образовниот процес.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Индикатор 2.1 Постигања на учениците

- Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди
- Резултати од екстерни тестирања
- Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост
- Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците

2.2 Мерки за подобрување на постигањата

- Редовност во наставата

- Советување на родители/старатели и ученици
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

Силни страни

- Континуиран тренд на подобрување на средниот успех на учениците, како резултат на успешна примена на разновидни, современи техники и методи во наставниот процес кои го стимулираат учењето.
- Воспоставен функционален систем за водење прецизна и детална аналитичка евиденција за успехот на учениците на тримесечно и полугодишно ниво (диференцирано по пол, јазик и наставни предмети), што овозможува реално следење на напредокот.
- Редовна споредбена анализа на успехот и поведението по секој квалификациски период со претходното тримесечие и претходните учебни години, што служи како основа за навремено планирање мерки за подобрување на постигањата.
- Обезбедено правично вреднување, објективност и висока транспарентност во оценувањето и соопштувањето на постигнатите резултати на учениците и на нивните родители.
- Видлив и мерлив напредок во успехот кај учениците со потешкотии во учењето, благодарение на редовната и насочена дополнителна настава со прилагодени вежби во помали групи.
- Забележителни постигања и висок квалитет на знаења кај надарените и талентираните ученици, потврдени преку резултати на натпревари под водство на наставниците-ментори и преку додатна настава.
- Висок степен на постигнување на стандардите за оценување во инклузивниот процес преку успешна реализација на Индивидуални образовни планови (ИОП) и модифицирани програми во редовната настава.
- Евидентно подобрување на редовноста на учениците и драстично намалување на вкупниот број оправдани и неоправдани отсуства во учебната 2025/2026 година, како директен фактор за стабилизација на успехот по одделенија.
- Изразена креативност, стекнати практични вештини и применливи знаење кај учениците преку нивно масовно вклучување во воннаставни активности според нивните лични интереси.

Слаби страни

-Зголемен број на ученици со ИОП , а во училиштето има само еден дефектолог , 2 дена во седмицата
- Недоволно опремена сензорна просторија во училиштето

Приоритети

Комплетирање на стручната служба со постојан дефектолог и социјален работник.

- Доуредување и опремување на сензорната просторија.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Индикатор 3.1Училишна клима

- Следење на дисциплината, редовноста и почитувањето на Кодексот на однесување на учениците
- Грижа за здравјето на учениците (поволни услови за работа и престој во училиште)
- Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

- Известување на родителите/старателите за постигнатиот успех на ученикот, редовноста и дисциплината

2.2 Мерки за подобрување на постигањата

- Редовност во наставата
- Советување на родители/старатели и ученици.

Силни страни

➢ Обучен наставен кадар за користење на современи наставни форми и методи;

➢ Училиштето промовира еднаквост за сите ученици по пол, национален состав;

➢ Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик;

➢ Опременост со наставни средства;

➢ Реновирани училишни објекти со што се подобрени услови за работа;

➢ Учество на натпревари и освојување на голем број на награди;

➢ Со учениците кои имаат тешкотии во учењето наставниците даваат поддршка и ја прилагодуваат наставната програма според нивните можности.Наставниците изработуваат ИОП за учениците инклузирани во редовна настава;

➢ Успехот и редовноста на учениците во рамките на училиштето се следи според сите криериуми (пол и етничка припадност);

➢ Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците;

➢ Создадена е стимулативна средина и еднакви можности за сите ученици од различни етникуми;

➢ Наставниците уредно водат педагошка евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците;

➢ Транспарентност при оценувањето и соопштувањето на оценките на учениците и родителите;

➢ Навремено обезбедување на соодветен наставен кадар;

➢ Целокупниот наставен кадар е во согласност со нормативите за работа и Законот за основно образование;

➢ Целосна поддршка на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба во училиштето;

➢ Посета на голем број на семинари организирани од страна на БРО, МОН и други акредитирани здруженија по предмети;

➢ Навремена и редовна дисеминација на наставниот кадар;

➢ Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма и деловник за работа;

➢ Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства;

➢ Остварува: комуникации и односи со јавноста; унапредување на меѓучовечките односи; професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; планирање, поддршка на наставата и учењето; обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците; раководење со финансиски и материјални ресурси;

➢ Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН;

➢ Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се:наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО;

➢ Постои интерен правилник за пофалби и награди на учениците;

➢ Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми;

➢ Содржините на наставните планови ипрограми вклучуваат поголема ангажираност од страна на наставниците, учениците и родителите и поголема соработка со локалната средина;

➢ Идентификување на надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини;

➢ Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите;

➢ Училиштето ги поттикнува учениците во вклучување на различни воннаставни активности;

➢ Континуирано се применуваат јасни правила на однесување;

➢ Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование;

➢ Редовно се реализираат планирани систематски прегледи на вработените и учениците;

➢ Комуникација помеѓу директор и вработени е на завидно високо ниво;

➢ Комуникацијата помеѓу самите наставници се одвива непречено и се споделуваат сите информации;

➢ Комуникацијата на состаноците се одвива без проблем и навремено се пренесуваат сите потребни информации за непречено одвивање на воспитно образовниот процес;

➢ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;

➢ Се превземаат голем број мерки во вид на советодавни работлиници и истражувања кои имаат за цел намалување на меѓуврсничкото насилство помеѓу учениците;

➢ Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување;

➢ Стручниот соработник спроведува активности при професионална ориентација;

➢ Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес;

➢ Постои вклученост на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми;

➢ Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;

➢ Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување;

➢ Училиштето има континуирана соработка со релевантни институции од областа на културата на ниво на општина Бутел;

➢ Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ);

➢ Постои соработка со јавните установи во области од нивни домен;

➢ Еднаквост и правичност на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статус за учениците со различни способности и за учениците со посебни образовни потреби;

➢ Се дава поддршка и помош на ученици кои имаат проблеми и потешкотии при совладување на наставните содржини;

➢ Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди;

➢ Во училиштето постои обучен кадар (неколку наставници) за давање на прва помош на учениците;

➢ Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува, се разгледува и објаснува објавениот конкурс и се организираат презентации и конкурси за стипендии од средни училишта;

➢ Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи;

➢ Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во Е-дневникот и евидентните листови;

➢ Родителите навремено се известуваат за постигањата на своите деца;

➢ Редовно се организираат индивидуални средби, разговори и советувања со родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за наставата, имаат слаби постигања и не се придржуваат до кодексот на однесување во училиштето;

➢ Интегрирани МИО активности во редовната настава и воннаставни активности;

➢ Навремено информирање и реализирање на кодекс-правата на ученикот, наставникот и родителот;

➢ Добра соработка на училиштето со локалната заедница и институциите од градот и пошироко;

➢ Промовирање на сите активности во локалната заедница;

➢ Училиштето има воспоставено ефективни механизми за унапредување на соработката и редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители и локалната заедница за целите на наставните планови и програми што се реализираат;

➢ Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во планирањата од наставниците и наставните помагала;

➢ Подобрена соработка со деловниот сектор.

Слаби страни

➢ Организирање на дополнителни обуки и семинари, за примена на нови пристапи при планирањето, реализација на наставата и оценување на учениците и учениците по ИОП, обуки за меѓу врсничко ненасилство.

Приоритети

-Организирање семинари, работилници и обуки кои за цел имаат да ги запознаат наставниците со нови практики и методи за следење, оценување и вреднување на знаењето на учениците;

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

- Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, постоечката документација во училиштето и од Извештајот од интерната евалуација на училиштето спроведена во 2022 година.
- Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и

реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган.

- Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Учениците сите потребни информациите ги добиваат преку одделенскиот раководител или преку официјално известување од училиштето.
- Училиштето располага со задоволителен број на просторни капацитети. Редовно се врши обновување на училниците и санитарните јазли, како и хортикултурно уредување на училишниот двор. Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала и ИКТ опрема, а училниците со современа технологија.
- Училишната библиотека располага со книжен фонд, кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Постои потреба од збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија. Потребите пак од наставни средства и материјали континуирано се обновуваат согласно финансиските можности на училиштето.
- Структурата на вработените е во согласност со дадените нормативи Наставниот кадар во училиштето е компетентен за реализација на сите наставни планови и програми.
- Персоналот пак со повисоки квалификации е секогаш подготвен да им помогне на младите кадри во нивното стручно усовршување. Фактичката ситуација е таква што на наставниците кои сакаат стручно да се доусовршат им се дава како морална , така и делумно материјална поддршка. Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет одредува ментор на наставникот приправник. На наставниците приправници им се назначува ментор кој им помага и ги насочува за што поуспешна, самостојна работа. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на годишните и процесните планирања, го упатува во различни пристапи за одржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава мислење за неговата работа.
- Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие. Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и се секогаш отворени за соработка.

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.
- Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.
- Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.
- Финансиското работење на училиштето се одвива според законските норми и за него се информирани сите вработени, родители и локалната заедница. Надлежни за негова контрола се директорот, Училишниот одбор, Локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и Заводот за државна ревизија. Финансиските средства со кои располага училиштето не се доволни за задоволување на сите потреби во него.
- Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во делумна функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување според потребите. Училиштето континуирано интервенира, со цел да обезбеи средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.
- Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа, обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.

Силни страни

- УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.
- Училиштето е добро раководено
- Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики
- Најголем број од наставниците сметаат дека имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлуки
- Квалитетен наставен кадар
- Соработка помеѓу стручните соработници и наставниците .

- Целите во развојно планирање се конкретни, јасни и при нивното поставување се вклучени сите засегнати страни.
- Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори.
- Училишната библиотека располага со читална за учениците
- Училниците се опремени со ИКТ опрема.

Слаби страни

- Потребата од зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог со полно работно време само во ова училиште или педагог) во училиштето.
- Сензорна соба за работа со ученици со ПОП.
- Промена на дотраената ИКТ опрема со нова функционална опрема.

Приоритети

- Зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето.
- Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП.
- Замена на дел од дотраената ИКТ опрема со нова функционална опрема.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

*-При планирањето на работата стручните активи да предвидат соработка со активи од други училишта и користење на меѓународни искуства кои би ни го подобриле и унапредиле наставно - образовниот процес.

-Организирање семинари, работилници и обуки кои за цел имаат да ги запознаат наставниците со нови практики и методи за следење, оценување и вреднување на знаењето на учениците;---

-Зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето

- Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Златко Тапчановски _____

Мирослав Митиќ _____

Јоана Искова_____

Маја Димковска _____

Мирослав Васовски _____